Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia kombëtare e programeve arsimore europiane dhe e lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Дата Datë 08-11-2021

Бр.Nr. 22-6

ЗАПИСНИК

Од спроведена системска проверка за повикот за 2019 година Клучна акција 1 - КА103, Универзитет во Тетово, број на договор **2019-1-MK01-KA103-060000**

(рок за аплицирање: **12.02.2019** година)

На ден 22.09.2021 година со почеток во 11:00 часот во канцеларијата за меѓународна соработка при Универзитетот Апостол Павле - ОХРИД (во следниот дел УАПО) се спроведе системска проверка за доделениот грант согласно договорот бр. **2019-1-MK01-KA103-060000**, на системската проверка присуствуваа:

1. **М-р Александар Богојевски, Раководител на одделение**
2. **Арменд Љута, Надворешен соработник**
3. **Иван Бимбиловски, Ректор**
4. **Олгица Апостолова, Еразмус координатор**

Системскатата проверка беше спроведена согласно следниот дневен ред:

ФАЗА 1: Системска проверка

I. **Еразмус Чартер (посебна проверка е спроведена за еразмус чартер за која ќе се изготви посебен записник);**

II. **Меѓународни (Интер-институционални, билатерални) договори;**

III. **Склучени договори помеѓу апликантот (студент, професор), УАПО и домаќинот;**

IV. **Признавање на стекнатите кредити од спроведената мобилност;**

V. **Процедури за одбегнување на двојно финансирање;**

VI. **Процедура за селекција на учесниците;**

VII. **Утврдување на распределба на финансиските средства од грантот;**

VIII. Реалокација на финансиските сретства;

IX. Известување до Националната Агенција;

X. Начинот на исплата на финансиските средства од УАПО кон студентите и професорите

XI. Почитување на финансиските правила

XII. Видливоста на правилата на програмата

XIII. Механизам за поддршка на студентите и професорите

XIV. Менаџмент на проектниот циклус

XV. Менаџирање со документација

XVI. Подобност на студенти, професори, времетраење на мобилностите ...

0ФАЗА 2: - Системска проверка

I. Договор за грант и можни аманндмани со корисниците;

II. Договорот за учење – потпишан од сите три страни;

III. Договорите за наставни ангажмани или обуки - потпишан од сите три страни;

IV. Патни документи – доколку е применливо;

V. Документација за лица со посебни потреби – доколку е применливо;

VI. Финален извештај од учесниците (по завршување на мобилностите);

VII. Исплата на грантовите на корисниците – банкови изјави;

VIII. Документи кои потврдуваат дека стекнатите кредити, квалификации итн се признаени од страна на УАПО.

Согласно горенаведеното М-р Александар Богојевски премина кон отворање на првата точка согласно програмата за системска проверка.

ФАЗА 1: Системска проверка

- Еразмус Чартер
- Видливост на Еразмус чартерот: На веб страната на УАПО https://uist.edu.mk/
- Да се прикачи плакетата од Еразмус чартерот на веб страната на УАПО
- ***Меѓународни (Интер-институционални) договори***
- Во врска со билатералните/интеринституционалните договори се утврди дека Универзитетот има потпишано 51 договор за соработка со прогамски и партнерски држави од кои 3 се во прилог.

- ***Склучени договори помеѓу апликантот (студент, професор), Универзитетот Апостол Павле Охрид***

- По случаен избор беа побарани договорите за учење за студентите Јован и Јована при што утврдено е дека не се вметнати датуми во договрите

ПРЕПОРАКА:

Да се спроведува двојна проверка на договорите за да не се направат технички грешки при изработка на истите и воедно секогаш да се наведени датумите за реализација на мобилнсотите.

ДА СЕ КОРЕГИРААТ ВНЕСЕНИТЕ МОБИЛНОСТИ, ОБУКИ, НАСТАВНИ АНГАЖМАНИ ВО АЛАТКАТА МТ+ ПРЕД ДА СЕ ПОДНЕСЕ ФИНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ.

- ***Признавање на стекнатите кредити од спроведената мобилност***

- Стекнатите кредити од мобилностите се признаваат од страна на комисија составена од професори од Универзитетот Апостол Павле - Охрид

- ***Процедури за одбегнување на двојно финансирање***

- Не е утврдена проедура за двојно финансирање

ПРЕПОРАКА:

ПРЕД ДА ЗАМИНАТ СТУДЕНТИТЕ И ПРОФЕСОРИТЕ НА ЕРАЗМУС АКТИВНОСТ ДА ПОТПИШАТ ИЗЈАВИ ЗА ДВОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

- ***Процедура за селекција на учесниците***

- Стандардната процедура на УАПО (во прилог копија од конкурс)

- ***Утврдување на распределба на финансиските средства од грантот***

- Согласно правилата

- ***Реалокација на финансиските сретства***

- Нема реалокација на финансиски средства

- ***Известување до Националната Агенција***

- Стандардни известувања најчесто на е-маил, МТ+ и ОЛС

- ***Начинот на исплата на финансиските средства од Универзитетот Апостол Павле Охрид кон студентите и професорите***

- Кога ќе се избере студентот и ќе добие потврда дека е прифатен на универзитетот се изговтвуваат решенија каде се исплаќа 80% од вкупната сума на грантот

- ***Почитување на финансиските правила***

- Кај студентите се исплаќаат пред да отидат на мобилност од 75 до 80% од вкупната сума на грантот

- Професорите се исплаќаат од кога ќе се вратат од ангажман, тренинг.

ЗАДОЛЖЕНИЕ:

ДА СЕ ИСПЛАЌААТ ПРОФЕСОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАДАР ПРЕД ДА ЗАПОЧНАТ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ АНГАЖМАНИ И ТРЕНИНЗИТЕ.

- ***Видливоста на правилата на програмата***

- https://uist.edu.mk/ , да се поработи на видливоста на прогармата

- ***Механизам за поддршка на студентите и професорите***

Поддршка од Е+ канцелариите

- ***Менаџмент на проектниот циклус***

- Стандарден проектен циклус

- ***Менаџирање со документација***

- Материјалите за студентите и професорите се наоѓаат во канцеларијата за меѓународна соработка додека финансиските извештаи во одделението за финансиско работење

- ***Подобност на студенти, професори, времетраење на мобилностите ...***

- Се разгледаа студентски досиеја по случаен избор каде се утврди дека студентите кои заминале на мобилност ги исполнуваат критериумите согласно Еразмус+ правилата.

ФАЗА 2: - Системска проверка

Договор за грант и можни аманндмани со корисниците

- Не се изготвени амандмани на договорите со корисниците.

Договорот за учење – потпишан од сите три страни

- Во прилог договори за учење од студенти

Патни документи

- Од страна на Националната агенција не беа побарани патни документи на увид

Документација за лица со посебни потреби

- Не е применливо

Финален извештај од учесниците (по завршување на мобилностите)

- Финалните извештаи не се доставени од сите учесници

Заклучок:

Претставените препораки и заклучоци од записникот да се имплементираат тековно за што тековно е потребно да биде известуван по е-маил програмскиот офицер М-р Александар Богојевски воедно при следна системска проверка сите наведени аномалии во овој записник е потребно да се корегираат за да не се доведе во прашање еразмус универзитетската повелба.

Системска проверка:

Александар Богојевски, Раководител на одделение

_____

Арменд Љута, надворешен соработник

_____

04.11.2021, Скопје

Изготвил: М-р Александар Богојевски

Одобрил: Снежана Симоновска